**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**=======================**
**ПРОТИВПОЖАРЕН СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

# П Р А В И Л Н И К

**за организирање и спроведување на**
**„КАМП ЗА МЛАДИ ПОЖАРНИКАРИ“**

**Скопје, септември 2014 година**

Согласно членот 9 став 1 алинеја 12 од Статутот на Противпожарниот сојуз на Македонија бр. 03/12 од 13.04.2011 година, Управниот Одбор на Противпожарниот сојуз на Македонија на седницата одржана на _________ донесе,

# П Р А В И Л Н И К
## за организирање и спроведување на „КАМП ЗА МЛАДИ ПОЖАРНИКАРИ“

## I. Општи одредби

Член 1

(1) Со овој Правилник се уредува организирањето и спроведувањето на „камп за млади пожарникари“ (во натамошниот текст „камп“), од страна на Противпожарниот сојуз на Македонија.

Член 2

(1) Камп се организира со цел за подигањето на јавната свест за заштитата од пожари, стручна подготовка на училишната популација, зголемување на мотивацијата кај учениците за учество во активностите на доброволната противпожарна организација како и омасовување на доброволната противпожарна организација.

Член 3

(1) „Кампот“ се организира само доколку предходно е обезбедена целосна финансиска конструкција за одржување на истиот.

## II. Учесници, содржина, време и место на организирање на „камп за млади пожарникари“

Член 4

(1) Учесници на „кампот“ можат да бидаат ученици од основните и средните училишта во Република Македонија, кои што на квиз-натпреварите организирани од Противпожарниот сојуз на Македонија, освоиле прво, второ и трето место. Учесници можат да бидат и ученици кои што освоиле први места на други

натпревари организирани од Противпожарниот сојуз на Македонија, како и други истакнати млади активисти во доброволната противпожарна организација.

(2) Бројот на учесници за секој „камп“ одделно, се определува од страна на Противпожарниот сојуз на Македонија.

Член 5

(1) „Кампот“ се организира и спроведува според посебна програма, донесена од Противпожарниот сојуз на Македонија, пред одржување на истиот, за секоја година посебно.

(2) Програмата од ставот еден (1) на овој член треба да има содржини од превентивно-едукативен карактер за заштита на граѓаните, како и заштита на материјалните, природните и други добра од пожари.

(3) Времетраењето на Кампот го определува Противпожарниот сојуз на Македонија.

Член 6

(1) „Кампот “ по правило се одржува по завршувањето на школската година во основните и средните училишта во Република Македонија.

(2) Местото на оддржување на „кампот“ го определува Противпожарниот сојуз на Македонија.

Член 7

(1) На лицата кои учествувале во „кампот“, Противпожарниот сојуз на Македонија им издава посебен „сертификат“.

(2) Противпожарниот сојуз на Македонија води регистар на лицата кои што учествувале во „камп за млади пожарникари“

## III. Завршни одредби

Член 8

(1) Овој Правилник влегува во сила по истекот на 15 дена сметано од денот на неговото донесување, од кога истиот ќе се применува.

Член 9

(1) За работите кои не се уредени со овој Правилник, а се сврзани со примената на истиот, ќе се применува Статутот на Противпожарниот сојуз на Македонија.

Бр. ________________ Противпожарен сојуз на Македонија
___________ 2014 год. **П р е т с е д а т е л**
м.п. Проф. д-р Никола Николов